Vardar Dolomit

bsi. ISO 9001:2015 Quality Management | bsi. ISO 14001:2015 Environmental Management | bsi. ISO 50001 Energy Management

До:
**Машински факултет - Скопје**
Карпош II бб
1000 Скопје

Трговско друштво за производство на огноотпорни материјали
ВАРДАР ДОЛОМИТ ДООЕЛ
Бр. 0302-16
14.06.2019 год.
СКОПЈЕ

# ОГЛАС ЗА СТИПЕНДИРАЊЕ

## За компанијата Вардар Доломит

Вардар Доломит е европски производител за синтер доломит, доломитни опеки и маси, лоцирана во Гостивар и е во сопственост на групацијата HAZNEDAR REFRACTORIES. Имајќи директен пристап и контрола на главната суровина преку висококвалитетните рудници кои се во сопственост на компанијата, Вардар Доломит се наоѓа во стратешка предност во однос на неколкуте други производители на доломит во светот. Преработката суровини кои се добиваат од локални рудници претставува високоефикасен производен процес кој го минимизира влијанието врз околината и ја подобрува одржливоста на бизнисот.

Употребата на доломитот во индустријата за челик е рапидно зголемена во последните децении како резултат на нивната позитивна определба за производство на чист челик во чиста животна средина. Високиот степен на огноотпорност, инертноста кон челикот, одличните перформанси како и ниската цена го истакнуваат доломитот како разумен избор за производителите на челик во 21от век.

Со производен капацитет од над 90.000 тони годишно, Вардар Доломит е горд што ги снабдува своите потрошувачи со доломитни огноотпорни материјали од највисок квалитет, добиени по највисоки стандарди.

## Признанија и сертификати

Вардар Доломит дава посебно значење на одржувањето на квалитетот на своите производи на највисоко ниво. Потврда за тоа е сертификацијата на интернационалниот стандард за квалитет ISO 9001 што континуирано се одржува од 2006 година.

Сертификатот за интернационалниот систем за менаџмент на животна средина ISO 14001, со кој што се стекнавме во 2008 година, е показател на нашата чуствителност за благосостојбата на животната средина.

Вардар Доломит е компанија лидер во регионот по однос на енергетската ефикасност. Имплементацијата на интернационалниот стандард за енергетски менаџмент ISO 50001 е веќе имплементиран.

**VARDAR DOLOMIT DOOEL**
**www.vardardolomit.com.mk**
Adresa: Bulevar Ilinden 47 vl.1 st.2
1000 SKOPJE

Adresa na Fabrikata: Ul. JNA Br. 318 P.Fah 210 GOSTIVAR
Tel: 00 389 42 21 90 30
Fax: 00 389 42 24 25 07
E.mail: info@vardardolomit.com.mk

Стипендирање на нови инженери

Поради тоа што нашата компанија го зголемува производтсвото, па со зголемувањето на производството се зголемува и потребата како на работници така и на нови инженери.

Новите инженери имаат можност да бидат дел од нашата подршка во смисла на стипендирање во текот на нивното студирање.

Фабриката има потреба за еден машински инженер од областа на производното инженерство и еден машински инженер од областа на хидраулика и пневматика, за кои што нашата компанија им обезбедува стипендија во месечен износ од 100 евра во денарска противвредност, во период од една учебна година.

Во текот на стипендирањето студентот е задолжен да ги запази следните услови:

- редовно да ги запишува семестрите, да постигне солиден успех ( најмалку 8.00 ) и да дипломира во рокот предвиден со студиската програма на Машински Факултет Скопје.

- на почетокот на секој семестар до давателот на стипендијата да достави потврда за запишан нареден семестар и уверение за предвидени и положени испити со успех и индекс на увид ( заради продолжување на договорот).

VARDAR DOLOMIT DOOEL
www.vardardolomit.com.mk
Adresa: Bulevar Ilinden 47 vl.1 st.2
1000 SKOPJE

Adresa na Fabrikata: Ul. JNA Br. 318 P.Fah 210 GOSTIVAR
Tel: 00 389 42 21 90 30
Fax: 00 389 42 24 25 07
E.mail: info@vardardolomit.com.mk

Vardar Dolomit

bsi. ISO 9001:2015 Quality Management

bsi. ISO 14001:2015 Environmental Management

bsi. ISO 50001 Energy Management

- во рок од 30 дена студентот да ги извести давателот на стипендијата за евентуално настани промени, како што се: промена на факултет, отсек, прекинување на понатамошно школување, добивање на друга стипендија или кредит, дипломирање, како и други промени битни за остварување на правото на стипендија, со тоа што студентот е должен веднаш да ја врати целата исплатена стипендија, до моментот на промена на факултет, отсек или прекинување на понатамошното школување.

- корисникот на стипендија го губи правото за стипендија во случај на неисполнување на горенаведените обврски, доколку се утврди дека правото на стипендија го остварил на основа на невистинити податоци приложени на огласот за стипендирање и ако бил правосилно осуден за кривично дело со издржување казна затвор подолга од 6 месеци ( шест месеци ).

Извршен директор:

Ремзи Абдулаи

Друштво за производство на огноотпорни материјали ВАРДАР ДОЛОМИТ ДООЕЛ Скопје 1

VARDAR DOLOMIT DOOEL
www.vardardolomit.com.mk
Adresa: Bulevar Ilinden 47 vl.1 st.2
1000 SKOPJE

Adresa na Fabrikata: Ul. JNA Br. 318 P.Fah 210 GOSTIVAR
Tel: 00 389 42 21 90 30
Fax: 00 389 42 24 25 07
E.mail: info@vardardolomit.com.mk